Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014 и со преостанатите измени и дополнувања), а во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор број 01-133/1 од 17.08.2018 година, директорот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на ден 14.01.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување преку објава на интерен оглас**

**Член 1**

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, врз основа на Барање за започување на постапка за унапредување на вработен во стручните служби во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор број 04-394/1 од 30.12.2021 година, Интерен оглас бр.01/2021 за пополнување на работно место со унапредување на административен службеник објавен на ден 30.12.2021 година, Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-394/3 од 12.01.2022, спроведено Интервју на пријавениот кандидат и Записник од спроведено интервју на пријавен кандидат на постапка за унапредување на административен службеник број 04-394/10 од 13.01.2022 година, Предлог за прворангиран кандидат по Интерен оглас бр.01/2021 број 04-394/10 од 13.01.2022 година, го изврши следниот избор на кандидат за работното место наведено во Интерниот оглас:

- за раководител на сектор за правни, административни и општи работи се избира Ивана Анѓеловска, раководител на одделение за правни и стручно административни работи во Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

**Член 2**

За избраниот кандидат да се донесе ново Решение за распоредување на административен службеник.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Бр. 04-394/14**
**14.01.2022 година**
**Скопје**

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**
**Директор**
**Боре Еркечов**

**Доставено до:**
**- Административниот службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси на Агенцијата**
**-Агенцијата за администрација**
**-Архива на Агенцијата**